Ноември 2022

# АНАЛИЗА НА ФУНКЦИОНАЛНОСТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ВО ОПШТИНА СТРУМИЦА

Овој документ е изработен од Организација на жени од Струмица во рамки на проектот на „Здружени за активно граѓанство“, кој го спроведува НВО Инфоцентар со поддршка од Европската Унија.
Содржината на анализата е одговорност на НВО Инфоцентар и Организација на жени од Струмица и не ги одразува секогаш ставовите на Европската Унија.
Репродукцијата е дозволена за некомерцијални цели со наведување на изворот.

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИ ОД СТРУМИЦА

# СОДРЖИНА

01
Вовед

02
Методологија

03
Анализа и клучни наоди

09
Заклучок

09
Литература

# 1.ВОВЕД

Начелата на еднаквост и недискриминација се едни од темелните вредности на кои почива Уставот на Република Северна Македонија. Еднаквоста на граѓаните, пак, во најголема мера е поврзана со аспектот на еднаквите можности, што подразбира еднакво учество на мажите и на жените во сите области на општественото живеење, еднаков статус и третман во остварување на нивните права, како и еднакви придобивки од остварените резултати.

Застапеноста и примената на принципот на еднакви можности се регулирани со Законот за еднакви можности на жените и мажите, според кој и Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да го почитуваат, да усвојуваат мерки и да преземаат активности кои се потребни за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите. Тие се должни да формираат Комисија за еднакви можности на жените и мажите во рамките на Советот на општината како постојано тело. Исто така, општините имаат обврска да именуваат координатор/ка за еднакви можности.

Поаѓајки од фактот на јасно дефинираните законски обврски за поттикнување и за унапредување на родовата еднаквост помеѓу жените и мажите на локално ниво, Организација на жени од Струмица изврши анализа на работењето, односно на функционалноста на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на општина Струмица (КЕМЖМ), како еден од клучните законски механзими кој треба да доведе до унапредување на родовата рамноправност на териториријата на општина Струмица. Поконкретно, **предмет** на оваа анализа е поставеноста и начинот на работење на Комисијата (број и теми на одржани седници, соработката со координаторка за еднакави можности и со останатите комисии во рамки на Советот, соработка со граѓански организации и/или експерти во областа на родовите прашања, начин на планирање, креирање и спроведување на родовите политики, покренати иницијативи за подобрување на еднаквите можности итн).

Истражувањето е спроведено во текот на септември и октомври 2022, а го анализира работењето на КЕМЖМ во период од декември 2021 до август 2022 година.

## 2. МЕТОДОЛОГИЈА

Анализата се заснова на квантитативно и квалитативно истражување, преку користење на различни методи и релевантни извори на информации.

Во почетната фаза се пристапи кон деск анализа на програми и политики на општина Струмица во областа на родовата рамноправност, а кои се јавно објавени и достапни на официјалната интернет страница на општината.

За потребите на квантитативното истражување, до општина Струмица беа доставени барања за пристап до информации од јавен карактер, со цел да се утврди бројот и темите на одржани седници на КЕМЖМ, соработката со координаторката за еднакви можности и со останатите комисии во рамки на Советот, како и соработката со граѓанските организации во процесите на програмирање и спроведување на мерки за намалување на родовата нееднаквост.



Исто така, се пристапи и кон квалитативно истражување преку спроведување на интервјуа со претседателот на КЕМЖМ и со координаторката за еднакви можности во општина Струмица, врз основа на претходно дефинирани полуструктурирани прашања. Истите беа насочени кон утврдување на нивото на соработката на КЕМЖМ со останатите комисии во рамки на Советот, со координаторката за еднакви можности и со граѓанските организации, ниво на меѓуопштинска соработка на КЕМЖМ, на функционалноста на постоечката законска регулатива, како и нивото на запозанености примена на концептот на РОБ (родово одговорно буџетирање).

## 3. АНАЛИЗА И КЛУЧНИ НАОДИ

Организација на жени од Струмица изврши анализа на функционалноста на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Советот на општина Струмица, со цел да се оцени дали истата презема и применува мерки за намалување на родовиот јаз и за унапредување на родовата рамноправност на локално ниво.

Иако процентуалното учество на жените и на мажите во вкупното население во општина Струмица е речиси подеднакво (Табела 1), ваквиот родов баланс не е отсликан во полето на одлучување и влијание, односно во застапеноста на жени и мажи во Советот на општината, како и во бројот на жени кои раководат со комисиите.

**Табела 1** – Полова структура на население на општина Струмица

| Општина | Вкупно резидентно население | | |
|---|---|---|---|
| Струмица | Вкупно | Мажи | Жени |
| | 49.995 | 24.701 | 25.294 |

Советот на Општина Струмица (2021 – 2025) го сочинуваат вкупно 23 советници. Тринаесет од нив се од редовите на СДСМ и коалицијата, девет се од ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата и еден советник е од независното движење „Стига е“. Процентуалната застапеност на жените во Советот на општина Струмица изнесува 39% наспроти 61% мажи. Еден советник е припадник на турската етничка заедница, од редовите на СДСМ и коалицијата. Во рамки на Советот на општина Струмица има десет постојани комисии, а само со три раководат жени: Комисија за финансирање, буџет и ЛЕР, Комисија за мандатни прашања, избори и именувања и Комисија за статут и прописи (Графикон 1). Со Советот, исто така, претседава маж.

**Графикон 1:** Раководна структура на Комисии во рамки на Совет на Општина Струмица



## 3.1 Стратешки документи во областа на родовата еднаквост

Во 2017 општина Струмица ја има изготвено Стратегија за унапредување на родоватаеднаквост (2017 – 2022), во рамки на проект на UN Women. Новата Стратегија за еднакви можности на општина Струмица е во процес на изработка, со менторска поддршка на UN Woman. Во изработката на истата партиципираат претставници од општинската администрација и КЕМЖМ, од граѓански организации и од образовни институции.

Програмата за унапредување на еднаквите можности на Општина Струмица за 2022 е изработена од страна на координаторката за еднакви можности во консултации со претседателот на КЕМЖМ и претставници од три граѓански организации. Вкупниот буџет на Програмата за унапредување на еднаквите можности за 2022 година изнесува 1 милион денари.

Општината располага и со Акциски план за родово базирано насилство (2022 – 20223).

Истражувањето на документите, како стратегија, програма и сл. претставува предизвик, бидејќи истите не се објавени во посебна категорија на официјалната интернет страница на општина Струмица. Програмата за ЕМЖМ е составен дел на буџетот за 2022 година, објавен во Сл.гласник бр.27 од 2021 година (https://strumica.gov.mk/wp-content/uploads/2022/01/Sl.-glasnik-br.27.pdf).

**Клучни наоди**

- **Општина Струмица располага со стратешки документи за унапредување на родовата рамноправност.**
- **Транспарентноста и отчетноста на општината во однос на мерките од областа на родовата еднаквост е на незадоволително ниво. Истите не се јавно објавени на официјалната интернет страница на Општина Струмица.**

## 3.2 Механизми за унапредување на родовата еднаквост во Општина Струмица

Одговорни субјекти за усвојување и спроведување на мерките за еднакви можности на жените и мажите во општина Струмица се КЕМЖМ и координаторката за еднакви можности. Комисијата е формирана во рамки на Советот на општина Струмица, а општината има назначено координаторка и заменик координаторка за еднакви можности.

### ПОЛОВА СТРУКТУРА НА КЕМЖМ ВО ОПШТИНА СТРУМИЦА

| Мажи | Жени |
|---|---|
| 3 | 2 |

**Претседател - Маж**

**Во перидот од декември 2021 до септември 2022 година, Комисијата за еднкави можности на мажите и жените во Општина Струмица има одржано само три седници!**

**Табела 2**: Број и теми на одржани состаноци на КЕМЖМ

| Датум | Предмет/Тема |
|---|---|
| 27.12.2021 | Разгледување на Предлог Програмата на Општина Струмица во областа на еднкавите можности на жените и мажите за 2022 |
| 11.03.2022 | Разгледување на извештајот за реализација на Програмата на Општина Струмица во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2021 година. |
| 11.07.2022 | Разгледување на Предлог - Одлуката за донесување на Акциски план за родово базирано насилство во Општина Струмица за 2022 – 2023 година. |

Најчесто, според претседателот на КЕМЖМ, предмет на седниците на комисијата се прашања поврзани со носење на одлуки за мерките на Програмата за еднакви можности или за иницијативи од граѓански организации. Претседателот има остварено неформални средби со претставници на граѓански организации, меѓутоа ниеден претставник на ГО досега не присуствувал на седница на комисијата. Иницијатива за присуство на седници не е покрената ниту од комисијата, ниту пак од страна на граѓанските организации кои работат во оваа област.
Комисијата за еднакви можности на жените и мажите досега нема дадено мислење по однос на материјалите и предлозите на другите комисии во рамки на Советот, а немаат одржано ниту заеднички седници со останатите комисии. Практика на КЕМЖМ е да ги разгледува само прашањата кои се поврзани со Програмата и Стратегијата за еднакви можности.
Иако не располага со податоци за степенот на реализација на проектираните мерки и буџетски средства на Програмата за еднакви можности, претседателот на КЕМЖМ мисли дека имплементацијата на истата е на задоволително ниво.
Реализацијата на програмата ја следи координаторката за еднакви можности на општина Струмица, која истакна дека се уште не се имплементирани сите планирани мерки и смета дека степенот на искористеност на буџетските средства и на спроведени мерки и активности ќе се утврди на крајот на тековната година. Сепак, нагласува координаторката, градоначалникот одлучува колку од планираните мерки и проектираните буџетски средства ќе се реализираат.

Активностите на Програмата за унапредување на еднкавите можности на жените и мажите во општина Струмица за 2022 година се насочени кон:

- Подобрување на економската состојба на жените
- Родово одговорно образование
- Еднакво учество на жените во јавниот и политичкиот живот
- Воведување на родова компонента во процесот на буџетирање
- Спречување на родово базирано насилство.

Останати активности за унапредување на родовата еднаквост во рамки на други програми на Општина Струмица:

- Потпишување на декларација за формирање на Совет за женско претприемништво;
- Обезбедување на средства за лични асистенти на ученици со попреченост вклучени во редовниот образовен процес;
- Отворање на нова детска градинка во Струмица;
- Советувалиште за жени жртви на семејно насилство.

Претседателот на КЕМЖМ и координаторката за еднакви можности на општина Струмица сметаат дека нивната меѓусебна соработка е на исклучително високо ниво. Координаторката присуствувала на три седници на Комисијата.

Иако и претседателот на КЕМЖМ и координаторката за еднкави можности на општина Струмица се запознаени со концептот на родово одговорно буџетирање (РОБ), истиот не го применуваат во своето работење. Според нив, тоа се должи на недостаток на релевантни статистички податоци. Исто така, сметаат декачленовите на КЕМЖМ, како и останатите советници и вработени во општинската администрација, имаат потреба од дополнителна едукација за значењето и примената на РОБ.

Меѓуопштинската соработка помеѓу КЕМЖМ и координаторите/ките за еднакви можности не е на посакуваното ниво. Комуникацијата со координаторите и членовите на комисиите од останатите општини, според испитаниците, најчесто се сведува на заедничко присуство на настани, обуки или студиски посети.



## Клучни наоди

- КЕМЖМ има одржано само три седници во период од девет месеци.
- КЕМЖМ нема воспоставено практика за официјални консултации со граѓански организации и експерти во областа на родовата еднаквост и за нивно учество на седници на Комисијата.
- Постои партиципативен процес при креирање на политики за унапредување на еднаквите можности во општина Струмица.
- КЕМЖМ не дава мислење за родовиот концепт на материјалите и предлозите на останатите комисии во рамки на Советот, ниту за родовата компонента на истите.
- КЕМЖМ во изминатите девет месеци нема одржано ниту една заедничка седница со останатите комисии во состав на Советот на општина струмица.
- Соработката помеѓу КЕМЖМ и координаторката за еднкави можности е на исклучително високо ниво.
- Записниците од седниците на КЕМЖМ не се јавно објавени на официјалната интернет страница на општина Струмица.
- КЕМЖМ и координаторката за еднакви можности се запозанени со концептот на родово одговорно буџетирање (РОБ), меѓутоа не го применуваат во своето работење.
- Потребна е дополнителна едукација за примена на концептот на РОБ.
- Меѓуопштинската соработка во полето на еднаквите можности не е на задоволително ниво.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Од спроведената анализа на мерките и механизмите за унапредување на родовата еднаквост во Општина Струмица,може да се заклучи дека општината располага со политики во наведната област, меѓутоа не постојат податоци и показатели за степенот на имплементација и за влијанието од спроведувањето на истите.
Граѓаните немаат можност за информирање за конкретните мерки кои ги презема општината и Советот за намалување на родовиот јаз на локално ниво.
Комисијата за еднакви можности на жените и мажите има одржано само три седници во период од девет месеци. Нема реализирано заедничка седница со останатите комисии во рамки на Советот на општината, а не врши проценка на родовата компонента на предлозите и материјалите на другите комисии.
КЕМЖМ нема воспоставено формален механзиам за консултација со граѓански организации и/или независни експерти за афирмација, спроведување и следење на мерките и активностите за унапредување на еднкавите можности.
Ваквата состојба не придонесува доволно за намалување на родовата нееднкавост и затоа е потребно да се подобри соработката помеѓу КЕМЖМ со другите комисии и со граѓанските организации, да се зајакнат капацитетите на членовите на комисијата за концептите на родовата еднаквост и родово одговорното буџетирање, како и за мониторинг и евалуација на родовата компонента на сите стратешки документи.

## 5. Литература

Буџет на општина Струмица за 2022, Сл.Гласник бр.27 од 28.12.2022
Програма за унапредување на еднаквите можности во општина Струмица за 2022
Државен завод за статистика, Вкупно резидентно население во Република Северна Македонија